До
**Идеја Плус Ревизија & Консалтинг ДОО**
ул. Коста Сусинов бр.22
Радовиш

**Предмет:** **Писмо со изјави**

Почитувани,

Во согласност со одредбите од Меѓународните стандарди за ревизија, наша обврска е да Ви го испратиме ова писмо, а во врска со Вашата ревизија на нашите финансиски извештаи за 2023 година, со цел да го изразите Вашето мислење за тоа дали финансиските извештаи се презентирани објективно од сите материјални аспекти во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување прифатени и објавени во Република Северна Македонија.
Ние со ова писмо потврдуваме дека според нашето најдобро знаење и верување во однос на финансиските извештаи

- ги имаме исполнето нашите одговорности за подготовка на финансиските извештаи во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија, особено дека финансиските извештаи се објективно прикажани;
- значајните претпоставки користени од наша страна при правење на сметководствени проценки, вклучувајќи ги оние измерени според објективна вредност, се разумни;
- Меѓусебните односи и трансакции со поврзани страни се соодветно евидентирани и обелоденети во согласност со барањата на Меѓународните стандарди за финансиско известување прифатени и објавени во Република Северна Македонија
- финансиските извештаи не содржат материјални грешки, вклучувајќи намерни пропусти и измами;
- не постоеше непридржување кон пишаните барања на регулаторните власти, кои би имале материјални ефекти врз финансиските извештаи;
- при подготовка на финансиските извештаи, посветивме посебно внимание на заканите или пропустите коишто можат да послужат како основа за прикажување на потенцијални загуби;
- книговодствената состојба на средствата и обврските на 31.12.2023 година е усогласена со фактичката состојба утврдена при пописот;
- ние ги имаме прикажано и прокнижено сите побарувања и обврски, како што е соодветно на околностите и законските прописи;
- исправката на сомнителни и спорни побарувања беше утврдена од страна на раководството, врз основа на нивната наплативост;
- Сите настани по датумот на финансиските извештаи и оние за кои Меѓународните стандарди за финансиско известување прифатени и објавени во Република Северна Македонија бараат корегирање или обелоденување се корегирани или обелоденети
- Ефектите од некорегираните погрешни прикажувања се нематеријални, како поединечно така и збирно за финансиските извештаи во целина.
- Ние Ви ги обелоденуваме резултатите од нашата проценка на ризикот, дека финансиските извештаи не можат да бидат материјално погрешно прикажани како резултат на измама.

Во врска со ревизијата на финансиски извештаи на 2023 година ние го изјавуваме и следново:

- сите финансиски евиденции и други податоци неопходни за ревизија ние не ги сокривме и ги ставивме на располагање на ревизорите;
- исто така, Ви ги ставивме на располагање и сите записници од состаноците на органот на управување;
- ние Ви обезбедивме дополнителни информации кои ги побаравте од нас за целта на ревизијата;
- ние ви обезбедивме неограничен пристап до лица во рамките на друштвото за кои утврдивте дека е потребно да прибавите ревизорски докази
- Ви ги обелоденивме сите информации во врска со тврдењ за измама или посомневана измама, кои влијаатна финансиските извештаи на ентитетот соопштени од страна на вработени, поранешни вработени, аналитичари, регулатори и други,
- Ви ги обелоденивме сите случаи на неусогласеност или посомневана неусогласеност со закони и регулативи чиишто ефекти би требало да се разгледаат при подготовката на финансиските извештаи,
- Ви го обелоденивме идентитетот на поврзаните страни на ентитетот и сите меѓусебни односи и трансакции со поврзаните страни за кои што сме запознаени.

Штип,
25.06.2024год.

ТУРТЕЛ АД Штип

Ивона Јакимова

ТУРТЕЛ а.д. Штип